ООУ „Ѓорѓија Пулевски„ општина Аеродром - Скопје

ПРОГРАМА

За екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од I-IX одделение

ООУ „ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ“- СКОПЈЕ

за учебната 2026/2027 година

Мај 2026 година

План

на ученичките екскурзии на ООУ „Ѓорѓија Пулевски“- Аеродром во учебната 2026/2027 година

Реализација	Одделение	Време на изведување	Број на ученици
Еднодневен есенски излет- Средно Водно	I-IX	Септември/Октомври	1000
Еднодневен пролетен излет- Лешок	I-IX	Април/Мај	1000
Еднодневна ексурзија- Кавадарци	III	Октомври	123
Настава во природа-Охрид	V	Април/Мај	120
Дводневна екскурзија Источна Македонија	VI	Април/Мај	119
Тридневна екскурзијаЗападна Македонија	IX	Октомври	109

Програма за организирање и реализирање на еднодневен излет во есен за учениците од I до IX одделение во учебната 2026/2027 година

Регион: Скопски регион – Средно Водно

Време на реализација: септември/октомври 2026 година

1.Воспитно образовна цел на излетот

Есенскиот излет има за цел совладување и проширување на знаењата и примена на вештините на учениците како и зајакнување на индивидуалноста и способноста за самостојно општење и комуникација со останатите ученици и наставници од општинското основното училиште „Ѓорѓија Пулевски“. Преку излетот се исполнуваат и неколку важни задачи за учениците како што се запознавањето со непосредната околина, дружењето и рекреирањето, индивидуално и во група.

2.Содржини и активности

Се предвидуваат следниве активности по овој флексибилен редослед за остварување на претходно наведената цел:

- од 8:00 часот до 8:30 постојување на учениците по одделенија и нивно безбедно сместување по назначен распоред во автобусот за патување;
- 8:30 Организирано тргнување од пред училиштето „Ѓоргија Пулевски“ до Водно најдоцна до 9:00 часот;
- 9:15 пристигнување и внимателно сместување на отворен простор;
- од 9:30 до 10:30 индивидуални игри на ниво на одделение;
- од 10:30 до 11:30 групни игри и натпревари со топка меѓу одделенија на ниво на генерации; (истите може да имаат и награден карактер)
- од 11:30 часот до 12:00 часот индивидуален одмор на учениците кој самостојно ќе си го организираат со насоки за играње шах, домино, карти, тенис и слично;
- од 12:00 часот до 13:00 време за ручек на учениците и ручек за наставниците кои самостојно си го организираат.
- од 13:00 до 14:00 групни игри меѓу одделенија со топка и јаже за скокање;
- 14:00 часот организирано сместување во автобус по назначен редослед;
- До 14:30 тргнување и враќање до ООУ „Ѓорѓија Пулевски“.

3.РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ

Раководител на излетот:Мирјана Саздовска Стојановска (Психолог), сите одделенски и класни раководители и ученици од I до IX одделение.

4. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ИЗЛЕТОТ

Сметајќи го и времето за патување ќе биде од 8:30 часот до 14:30 часот.

5.СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА

Непосредно по реализирањето на излетот, а во рок од 7 дена, стручниот тим поднесува

извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот го разгледуваат Наставнички совет и Совет на родители, а го усвојува Училишен одбор.

Доколку при разгледување на извештајот за реализација на излетот се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

6.ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

Посета на место од скопскиот регион – Средно Водно.
Правец на патување – училиште – Водно –училиште.

7.ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Излетот го организира ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии,излети и други вонучилишни активности со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника. Постапката ја спроведува Комисија, составена од пет члена, формирана со одлука на Училишниот Одбор. Комисијата ги разгледува понудите, прави евалуација и предлага агенција, која смета дека ги задоволува критериумите за изведување на екскурзијата според член 22 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности. Училишниот Одбор, во рок од пет работни дена, донесува одлука за избор или за поништување на постапката.

8.НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Излетот го финансираат родителите на учениците.

Програма за организирање и реализирање на еднодневен излет во пролет за учениците од I до IX одд. во учебната 2026/2027 година

Регион: Тетовски регион – Лешок

Време на реализација: април/мај 2027 година

1.Воспитно образовна цел на излетот

Пролетниот излет има за цел совладување и проширување на знаењата и примена на вештините на учениците како и зајакнување на учениковата индивидуалност и способноста за самостојно општење и комуникација со останатите ученици и наставници од општинското основното училиште „Ѓорѓија Пулевски“ - Скопје. Преку

излетот се исполнуваат и неколку битни задачи за учениците како што се запознавањето со непосредната околина, дружењето и рекреирањето, индивидуално и во група.

3.Содржини и активности

Се предвидуваат следниве активности по овој флексибилен редослед за остварување на претходно наведената цел:

- ❖ од 8:00 часот до 8:30 постројување на учениците по одделенија и нивно безбедно сместување по назначен распоред во автобусот за патување;
- 8:30 Организирано тргнување од пред училиштето „Ѓоргија Пулевски“ до Комлексот Лешок најдоцна до 9:30 часот;
- ❖ 9:30 пристигнување и внимателно сместување на отворен простор;
- ❖ од 9:30 до 10:30 индивидуални игри на ниво на одделение;
- ❖ од 10:30 до 11:30 групни игри и натпревари со топка меѓу одделенија на ниво на генерации; (истите може да имаат и награден карактер);
- ❖ од 11:30 часот до 12:30 часот индивидуален одмор на учениците кој самостојно ќе си го организираат со насоки за играње шах, домино, карти, тенис и слично;
- ❖ од 12:30 часот до 13:00 време за ручек на учениците и ручек за наставниците кои самостојно си го организираат;
- ❖ од 13:00 до 14:00 групни игри меѓу одделенија со топка и јаже за скокање;
- ❖ 14:00 часот организирано сместување во автобус по назначен редослед;
- ❖ До 15:00 тргнување и враќање до ООУ „Ѓорѓија Пулевски“;

3.РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ

Раководител на излетот: Мирјана Саздовска Стојановска (Психолог), сите одделенски и класни раководители и ученици од I до IX одделение.

4. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ИЗЛЕТОТ

Сметајќи го и времето за патување ќе биде од 8:30 часот до 15:00 часот.

5.СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА

Непосредно по реализирањето на излетот, а во рок од 7 дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот го разгледуваат Наставнички совет и Совет на родители, а го усвојува Училишен одбор.

Доколку при разгледување на извештајот за реализација на излетот се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

6.ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

Локации за посета - Лешочки манастир ,,Свети Атанасиј,,.
Правец на патување – Скопје – Лешочки манатир –Скопје.

7.ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Излетот го организира ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии,излети и други вонучилишни активности со објавување на

јавен оглас во најмалку два дневни весника. Постапката ја спроведува Комисија, составена од пет члена, формирана со одлука на Училишниот Одбор. Комисијата ги разгледува понудите, прави евалуација и предлага агенција, која смета дека ги задоволува критериумите за изведување на екскурзијата според член 22 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности. Училишниот Одбор, во рок од пет работни дена, донесува одлука за избор или за поништување на постапката.

8.НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Излетот го финансираат родителите на учениците.

Програма за организирање и реализирање на екскурзија за учениците од III одделение во учебната 2026/2027 година

Регион: град Кавадарци

Време на реализација: месец октомври 2026.

1.ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

- Да развива љубов кон татковината и нејзиното културно-историско наследство, музеи и природни убавини од околината и градот Кавадарци;
- Да се запознае со локалитети и споменици од историското минато на античкиот град Стоби, Спомен костурница, спомен обележјето 12 Ваташки младинци;
- Да воочи дека треба рационално да се користат природните богатства за потребите на луѓето;
- Да развива почитување, грижа, пријателство кон другите, но и грижа и одроворност кон себе и околината.

2.СОДРЖИНА И ОПИС НА АКТИВНОСТИ:

Проширување на знаења од природните и општествените науки преку разгледување, прошетка, набљудување и дискусија за:Природни убавини на околината и градот Кавадарци;

- Историски локалитети и споменици од подалечното минато во регионот;
- Стари градби и архитектурата во околината и градот Кавадарци;
- Животот и работата на луѓето во околината и градот Кавадарци.

3.РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ

- Раководител на екскурзија: Љубица Јовановска
- Одделенски наставници на трето одделение
- Ученици од трето одделение

4.ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Во текот на еден работен ден.

5.СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА

Непосредно по реализирањето на излетот, а во рок од 7 дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот го разгледуваат Наставнички совет и Совет на родители, а го усвојува Училишен одбор.

Доколку при разгледување на извештајот за реализација на излетот се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

6.ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

Правци на патување: Скопје – Велес – Градско - Возарци – Тиквешко - Кавадарци и назад.

Тргнување во 8 часот од пред училишниот двор. Попатно застанување и посета на античкиот град Стоби и ХЕЦ „Тиквеш”. Локации за посета:

- Прошетка низ градот Кавадарци;
- Прошетка низ градскиот парк со посета на Спомен костурницата;
- Посета на Музеј на град Кавадарци;
- Посета на спомен обележјето на 12 Ваташки младинци;
- Враќање за Скопје во 17 часот.

7.ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Излетот го организира ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ со барање за прибирање на понуди за

организирање на екскурзии,излети и други вонучилишни активности со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника. Постапката ја спроведува Комисија, составена од пет члена, формирана со одлука на Училишниот Одбор. Комисијата ги разгледува понудите, прави евалуација и предлага агенција, која смета дека ги задоволува критериумите за изведување на екскурзијата според член 22 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии, излети и други слободни активности. Училишниот Одбор, во рок од пет работни дена, донесува одлука за избор или за поништување на постапката.

8.НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Екскурзијата ја финансираат родителите на учениците.

Програма за организирање и реализирање на настава во природа за учениците од V одделение во учебната 2026/2027 година

Регион: Охрид-Западна Македонија

Време на реализација: април/мај 2027 година

1.ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

- Утврдување и проширување на знаењата, како и стекнување нови знаења на природата, нејзините богатства и убавини;
- Запознавање со животот и работата на луѓето во градот Охрид, Струга и струшкиот крај;
- Да се запознаат со позначајни културно-историски, стопански и други објекти во тој крај;
- Да се стекнат со основните сознанија за екологијата и да развиваат позитивни навики за правилен однос и зачувување на животната средина;
- Да се запознаат со растителниот и животинскиот свет во Охридското Езеро, реката Црн Дрим како и во струшкиот регион;
- Да научат за местоположбата на градот Струга и настанувањето на Охридското Езеро;
- Да се запознаат со животот и делото на браќата Миладиновци;
- Да се негува позитивен однос кон трудот и работата, како и чувство за одговорност и дисциплина при извршување на поставените задачи;
- Да се оспособат за ориентација и движење во природа;

- Да се стекнат и негуваат работни и хигиенски навики за одржување на личната и општата хигиена;
- Да се обезбеди побрз и правилен психички развиток како резултат на позитивното влијание од повеќекратниот престој во здрава природна средина;
- Да се развие другарство, меѓусебно почитување, натпреварувачки дух, како и остварување на целите од физичкото, здравственото и друго образование и воспитание.

2.СОДРЖИНА И ОПИС НА АКТИВНОСТИ

При планирање и организирање на наставата во природа потребно е да се води сметка за опфаќање на обработените теми во петто одделение од деветгодишното образование, при што појдовна точка се природните науки, преку интегрирање на останатите предмети: македонски јазик, математика, ликовно образование, музичко образование, физичко и здравствено образование, историја и општество.

НАСТАВНИ ТЕМИ – НАСТАВНИ ЦЕЛИНИ

- ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ:

Во зависност од периодот и условите на објектот, а врз основа на годишната програма на одделенските наставници, се издвојуваат наставни единици и тоа:
а) за утврдување и проширување на знаењата;
б) обработка на нови наставни содржини и стекнување на нови знаења;

- ЕКОЛОГИЈА:

Од подрачјето на екологијата ќе се обработат следниве единици:
- Поим за екологија и значење на животната средина за живиот свет;
- Како да се однесуваме во животната средина;
- Не го загадувај воздухот и водата;
- Водата како животна средина;
- Шумите како животна средина и филтри на воздухот;

- СПОРТ
- Утринска гимнастика;
- Одење и пешачење во природа;
- Атлетски игри и натпревари;
- Спортски игри-фудбал, кошарка, народна топка и друго;
- Рекреативно-забавни игри.

- ЗАБАВА И КУЛТУРА

- Формирање на одделни единици - ученички (литературна, ликовна, музичка и др);

- Изготвување на план за работа на ученичките интересни групи и план-програма за вечерни активности (најдобар глас, мис и мистер, маскенбал, избор на најубав-најсреќен пар, вечер на хумор и смеа и други активности кои ќе се утврдат врз основа на желбите на учесниците на проектот);

- ИЗЛЕТИ И ПОСЕТИ

- Прошетка по Охридското крајбрежје и кејот на реката Црн Дрим;
- Набљудување на истекот на реката Црн Дрим од Охридското езеро;
- Посета на Спомен куќата на Браќата Миладиновци;
- Посета на природонаучниот музеј " Др.Никола Незлобински";
- Посета на домот на културата и мостот на Струшките вечери на поезијата;
- Прошетка низ градот Охрид и посета на : Самоиловата тврдина, Плаошник, Антички театар, Старата Охридска Чаршија и пристаништето, Билјанини извори и Свети Наум ;
- Посета на Вевчани и Вевчанските извори;

- ПРОИЗВОДСТВЕНО-КОРИСНА РАБОТА

Во овој дел учениците ќе изработуваат производи во зависност од расположливите материјали, нивниот талент и креативна способност

- Изработување на информативна книга:
- Изготвување изложба со ликовни творби;
- Украси од каменчиња.

- ХИГИЕНА

- Лична хигиена - прибор за лична хигиена, употреба и одржување на лична хигиена;
- Општа хигиена-одржување на хигиената во собите (средување на личната гардероба, местење кревети, постапка со отпадоци и друго) чистење на дворот и околината.

- ЗДРАВЈЕ

- Медицински кадар;
- Систематски преглед;
- Прегледи по потреба (лекарства и употреба).

- ИСХРАНА

- Кујна –опрема и персонал во кујна;
- Трпезарија-опрема, персонал, во трпезарија и функција на истата;
- Прибор за исхрана и користење;
- Како да се однесуваме за време на јадењето;
- Листа на јадење - значење на правилна исхрана за здравјето и правилен раст и развиток на учениците.

3.РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ

- Раководител на Настава во природа: Добрила И.Дукоска

- Одделенски наставници на петто одделение
- Ученици од петто одделение
- Лекар и туристички водич
-

4.ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Наставата во природа се планира да се реализира 4 дена со 3 ноќевања во месец април/мај 2027 година.

5.СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА

Непосредно по реализирањето на излетот, а во рок од 7 дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот го разгледуваат Наставнички совет и Совет на родители, а го усвојува Училишен одбор.

Доколку при разгледување на извештајот за реализација на излетот се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

6.ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

ПРВ ДЕН

Пред тргнување автобусот се означува со паралелките што ќе патуваат со него и бројот на учениците
Сместување на учениците и багажот во автобусите. Поаѓање во 8. 00 часот од пред училиштето
Се патува преку Скопје, Тетово, Гостивар, Дебар,Струга и Охрид. Попатни набљудувања и објаснувања по претходно зададени активности на учениците: Посета на изворот на реката Вардар-Вруток, Косовраски бањи, ХЕЦ Шпиље и другите културно-историски знаменитости попатно. Патувањето продолжува кон последната - крајна дестинација Струга.
Пристигнување во Охрид и сместување
Запознавање со куќниот ред
Вечера 19:30 до 20:15
Дружење и забава 20:30 до 21:30
Лична хигиена
Спиење во 22 часот

Втор ден

Будење во 7:15 часот
Лична хигиена до 7:30
Утринска гимнастика до 8:00
Средување на собите и подготовка за појадок до 8:15

Појадок 8:15 до 9: 00
Посета на Вевчани и Вевчанските извори- (автобус)
Ручек 14 – 14:30
Посета на Природнонаучен музеј “ Др.Никола Незлобински” и Спомен куќата на Браќата Миладиновци во 15:00 – 17:30
Планирани активности и содржини според наставни предмети
Подготовка за вечера 19:15 до 19:30
Вечера 19:30 до 20:15
Дружење и забава 20:30 – 21:45
Лична хигиена
Спиење во 22 часот

Трет ден

Будење во 7:15 часот
Лична хигиена до 7:30
Утринска гимнастика до 8:00
Средување на собите и подготовка за појадок до 8.15
Појадок 8:15 до 9:00
Посета на Охрид, Катедралната црква Св. ,,Софија”, Античкиот театар, Самоиловата тврдина
Ручек (може да биде со ланч пакет)
Куќата на Робевци, Плаошник црквата Св,,Јован Канео” , чаршијата и враќање во Струга
Подготовка за вечера 19:15 до 19:30
Вечера 19:30 до 20:15
Забава 20:30 – 21:45
Лична хигиена
Спиење во 22 часот

Четврти ден

Будење во 7:15 часот
Лична хигиена до 7.:30
Утринска гимнастика до 8:00
Средување на собите и подготовка за појадок до 8:15
Појадок 8:15 до 9:00
Подготовка на багажот 9:00 – 10:00
Поаѓање за Скопје преку Битола (Хераклеа) со прошетка низ градот (Широк сокак)
Посета на Прилеп (манастир Св. Архангел Михаил) прошетка низ градот
Пристигнување во Скопје пред училиштето во вечерните часови.

КУЌЕН РЕД – РАСПОРЕД НА ВРЕМЕТО

1. Станување и лична хигиена 7:30 до 8:00 часот
2. Утринска гимнастика 08:00 до 08:15
3. Уредување на собите 08:20 до 08:30
4. Подготовка за појадок
5. Појадок 8:30 до 09:00
6. Подготовка за предвидените посети 09:20 до 09:30
7. Во посета на предвидените места и културно историски споменици 09:30 до

14:00
8. Подготовка за ручек
9. Ручек 14.00 до 15.00
10.Наставни активности по паралелки 15:00 до 16:40
11. Ужина 16:40 до 17:00
12. Попладневни содржини и подготовка за вечерни активности 17:00 до 19:00
13. Подготовка за вечера
14. Вечера 19:00 до 20:15
15. Вечерни содржини 20:30 до 22:00
16. Подготовка за спиење 22:00 до 22:20
17. Повечерје - спиење

● **Напомена:** Во текот на патувањето и престојот во Охрид учениците се осигурани и имаат постојана лекарска придружба

7.НАСТАВНИ СОДРЖИНИ ШТО ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ЗА ВРЕМЕ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА (распоред на часови)

Македонски јазик
Изразување и творење: Патуваме и ја запознавме татковината
Говорна и писмена вежба со примена на ИКТ (истражуваме – учиме - пишуваме):
Читање легенди за Струга
Говорна и писмена вежба: Мојата прекрасна земја
Изработуваме ѕиден весник

Математика
- Решавање занимливи задачи
- Мерење -мерки за време и должина/повторување
- Мерење -мерки за време и должина/текстуални задачи
- Работа со податоци

Природни науки
Растителниот и животинскиот свет во Охрид
Градинарски растенија

Историја и Општество
Традициите во Западна Северна Македонија
Демократскиот живот во Охрид

Музичко образование
- ♪ Народно творештво- Народна песна: “Билјана платно белеше”
- ♪ Детско музичко творештво

Ликовно образование
- Сликање на непсредната околина (темпера, гваш, молив, туш, лавиран туш)
- Ликовно изразување по доживување – слободна техника

Физичко и здравствено образование

- ❖ Натпревар во брзо трчање
- ❖ Прескокнување пречки со затрчување
- ❖ Спортски игри

Техничко образование

Сообраќај — Патот од Скопје до Охрид

Час на одделенска заедница

- ✓ Работилница : Картички за слободно време

8.ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Наставата во природа ја организира ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ од Аеродром, Скопје со барање за прибирање понуди за организирање настава во природа согласно член 20 од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии, излети и други воннаставни активности на учениците од основните училишта, бр.12-12-10853/1 од 04.08.2025 година. Училишниот Одбор, во рок од пет работни дена, донесува одлука за избор или за поништување на постапката.

9.НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Наставата во природа ја финансираат родителите на учениците.

Програма за дводневна екскурзија за VI одделение во учебната 2026/2027 година

Регион: Источна Македонија/Берово

Време на реализација: Април/Мај 2027 година.

1.ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Учениците:

- да се запознаат со карактеристиките од нашето минато
- да се запознаат со природните и историски одлики на Источна Македонија
- да развиваат позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности
- да развиваат другарство и социјализација

2.СОДРЖИНА И ОПИС НА АКТОВНОСТИ

- Запознавање со релјефот и климата на Република Македонија преку набљудување и анализа на природни појави.
- Истражување на вештачки и езера со акцент на Беровско Езеро – неговата географска положба, биодиверзитет и економско значење.
- Посета на водопади, конкретно Колешинските водопади, со анализа на хидрографските карактеристики и туристичкиот потенцијал.
- Истражување на историски локалитети и споменици од подалечното минато за поврзување на географијата со историјата и културното наследство.

3.РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ

- Раководител на екскурзија: Љубинка Стојановска
- Класни раководители на шесто одделение
- Ученици од VI одделение

4.ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Дводневна екскурзија со едно ноќевање

5.ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕКСКУРЗИЈАТА

Непосредно по реализирањето на екскурзијата, најдоцна во рок од седум дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитететот на дадените услуги. Извештајот го разгледуваат Наставнички совет и Совет на родители,а го усвојува Училишниот одбор. Доколку при разгледување на извештајот за реализација на екскурзијата се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

6.ЛОКАЦИИ И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕТО

Прв ден

Патување кон Струмица, посета на манастирот Велјуса и Колешинските водопади, патот продолжува кон посета на Беровското Езеро.
Пристигнување во Берово и сместување на учениците во хотел и ноќевање (вечера).

Втор ден

Појадокот и посета на едукативниот центар за зачувување на природата во Брегалничкиот регион во село Негрево и археолошкиот локалитет и манастирот Св.Петка во Пехчево. Патување кон градот Велес, со попатно разгледување на ТЕЦ Неготино. Во Велес посета на Спомен куќата на Кочо Рацин со едукативно предавање од страна на стручно лице. Потоа посета на Велешкото езеро и време за ручек.
Пристигнување во Скопје во доцните попладневни часови.

7.ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Екскурзијата ја организира ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ општина Аеродром Скопје со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии, со објавување на јавен оглас во дневни весници.

8.НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Екскурзијата ја финансираат родителите на учениците со плаќање на повеќе месечни рати во договор со агенцијата.

Програма за дводневна екскурзија за IX одделениево учебната 2026/2027 година

Регион: Охрид-Западна Македонија

Време на реализација: октомври 2026 година

1.ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Реализацијата на тродневната екскурзија има општ образовен карактер и цели кон проширување и примена на стекнатите знаења, развивање на љубов кон татковината и културното наследство.

2.Содржини и активности

- Проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односите во природната и општествената средина
- Запознавање со убавините, богатствата и културно-историските знаменитости
- Трајно стекнување на знаење и развивање на чувството на љубов и чување на природните богатства и убавините на татковината
- Запознавање со археолошките локалитети во Македонија и специфичноста на македонската архитектура
- Непосредно запознавање со природните убавини на западна Македонија, природните езера, реките, планините и развојот на туризмот

3.РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ

- Раководител на екскурзија: Гоце Кузев
- Класни раководители на девето одделение
- Ученици од IX одделение

4.ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Тродневна екскурзија со две ноќевања

5.ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕКСКУРЗИЈАТА

Непосредно по реализирањето на екскурзијата, најдоцна во рок од седум дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитететот на дадените услуги. Извештајот го разгледуваат Наставнички совет и Совет на родители,а го усвојува Училишниот одбор. Доколку при разгледување на извештајот за реализација на екскурзијата се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

6.ЛОКАЦИИ И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕТО

Прв ден: Поаѓање од училиште, посета на Маврово, Маврови Анови, манастир Св.Јован Бигорски, манастир Рајчица и Вевчани – Вевчански извори. Пристигнување во Охрид и сместување

Втор ден: Посета на Охрид: Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, црквата „Св. Софија“-Охрид, црквата „Св.Јован Богослав“ – Канео, куќата на Робевци и куќата на Григор Прличев

Трет ден: Поаѓање од Охрид кон Битола и посета на широк сокак и Хераклеа. Во попладневните часови пристигнување во Скопје

- **Правци на патување:**

- Скопје – Маврово – Охрид – Битола – Скопје

7.ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Екскурзијата ја организира ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ општина Аеродром Скопје со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии, со објавување на јавен оглас во дневни весници.

8.НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Екскурзијата ја финансираат родителите на учениците со плаќање на повеќе месечни рати во договор со агенцијата.

Кодекс за однесување на учениците за време на екскурзии, излети и воннаставни активности

1. Задолжително почитување на законите.

1.1. Учениците се должни, да ги почитуваат сите важечки закони и прописи на РСМ.

1.2. Секое прекршување на законските одредби ќе биде пријавено и санкционирано во согласност со пропишаните процедури.

1.3. Врз основа на Кодексот, родителот- старателот на ученикот потпишува изјава дека при изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ќе ги почитуваат одредбите од Кодексот. Потпишаната изјава се предава на одделенскиот раководител, раководителот на паралелката најдоцна три дена пред изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности. На ученикот кој за време на училишната екскурзија, излетот и другите вонучилишни активности не го почитува Кодексот, Наставничкиот совет му забранува учество на наредните училишни екскурзии, излети и други вонучилишни активности и предлага да му се изрече педагошка мерка.

2. Достојно претставување на своето училиште, градот.

2.1Учениците треба да се однесуваат културно, воспитано и со почити кон сите присутни(водачи, наставници, персонал, други ученици и трети лица).

2.2Секој ученик не се претставува само себе, туку и своето училиште, наставниците, соучениците и градот од кој доаѓа.

2.3Облекувањето, говорот и однесувањето треба да бидат соодветни и примерни во секоја ситуација.

2.4 Користење на технологија: Ако е дозволено користењето на мобилни телефони или други уреди за комуникација, учениците треба да го користат со умереност и да не го нарушуваат распоредот или да ја попречуваат обврската (работата) на водачите.

3. Забрана за консумирање алкохол и други недозволени супстанци.

3.1 Строго се забранува конзумирање или поседување на алкохолни пијалоци, цигари,електронски цигари, наркотични или психотропни супстанции.

3.2 Оваа забрана важи за целото времетраење на екскурзијата, вклучително и при патувањето, престојот, излетите и слободното време.

3.3 Секое прекршување на ова правило ќе биде веднаш пријавено и ќе следат соодветни дисциплински мерки.

4. Забрана за нарушување на јавен ред и мир, насилно однесување и нанесување на материјална штета.

4.1 Учениците на смеат да учествуваат во активности кои предизвикуваат бучава, вознемирување на други лица или оштетување на јавен или приватен имот.

4.2 Треба да се почитуваат правилата на хотелите, музеите, јавниот превоз и другите установи што се посетуваат.

4.3 Учениците треба да ја одржуваат чиста околината, отпадоците да се фрлаат во ќеси наменети за отпад.

4.4 Строго се забранува каков било облик на физичко или вербално насилство кон други ученици, наставници или трети лица.

4.5 Учениците се должни да ги решат сите несогласувања мирно и со почит.

4.6 Малтретирање, навредување, дискриминација и закани се недозволени и ќе бидат санкционирани.

5 **Забрана за оддалечување од групата**

5.1 Оддалечувањето од групата без одобрение од наставникот или водачот на патувањето е строго забрането.

5.2 Учениците трба да се придружуваат до договореното време и место на собирање.

5.3 Во случај на интна потреба, ученикот е должен веднаш да го извести одговорното лице.

Овој Кодекс е задолжителен за сите ученици.
Со самото учество на екскурзијата или излетот, ученикот и неговите родители се согласуваат со правилата и последиците од нивното непочитување.

Стручен тим за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од I-IX одделение:

Ирина Николоска-директор

Љубица Јовановска- одделенски наставник

Добрила И.Дукоска- одделенски наставник

Љубинка Стојановска – предметен наставник

Гоце Кузев-предметен наставник

Мирјана С.Стојановска-стручен соработник психолог